Методија МАНОЈЛОВСКИ

# СВЕЧЕНА СЕДНИЦА НА ННСГ ЗА ИСТОРИЈА ПОСВЕТЕНА НА ХРИСТО АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ, ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА АВНОЈ ВО 1983 ГОДИНА

На 28 декември 1983 година ННСГ за историја на Филозофскиот факултет во Скопје одржа свечена седница посветена на проф. д-р Христо Андонов-Полјански, годинашен лауреат на највисокото југословенско општествено признание, Наградата АВНОЈ.

За личноста и делото на славеникот реч одржа раководителот на ННСГ за историја, доцентот д-р Димитар Димески. Потоа со пригодни зборови славеникот го поздравија: проф. Љупчо Копровски, декан на Филозофскиот факултет; продеканите: проф. д-р Петре Георгиевски и в. пред. м-р Зоран Стојановски; в. пред. Љубинка Басотова, секретар на ОО на СКМ; Јован Корубин, претседател на ОО на Синдикатот на Факултетот; проф. д-р Цветан Грозданов, раководител на ННСГ за историја на уметноста; проф. д-р Бранко Панов, раководител на Советот на постдипломски студии при ННСГ за историја; проф. д-р Александар Апостолов; проф. д-р Петар Миљковиќ-Пепек, како и претставник на студентите. На крајот, проф. д-р Христо Андонов-Полјански се заблагодари на убавите зборови и желби.

Свечената седница се одржа во пријатна и свечена атмосфера.

Скопје, 28. XII. 1983 год.